# ИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 50 став 6 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08 и 67/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на дозволата за рекреативен риболов и образецот за водење евиденција, начинот на водење на евиденцијата и доставување на податоците.

## Член 2

Годишната дозвола за рекреативен риболов на сите риболовни води во Република Македонија - државна дозвола, се издава на образец на пластифицирана хартија со димензии 6,5 х 9,5 сантиметри во зелена боја.

Предната страна на државната дозвола содржи грб на Република Македонија и текст Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Државна дозвола за рекреативен риболов, важи за _________ година, име и презиме,број на легитимација и број на дозвола.

Задната страна на државната дозвола содржи текст Се издава и важи за вршење рекреативен риболов на сите риболовни води во Република Македонија дадени на концесија за рекреативен риболов и само со легитимација за рекреативен риболов на сопственикот на дозволата, место за печат, потпис на овластено лице и надоместок во денари.

Формата и содржината на образецот на државната дозвола е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Годишната дозвола за рекреативен риболов на одреден риболовнен ревир и рекреативна зона се издава на образец со димензии 10 х 7 сантиметри на картонска 200 грамска хартија со светло сива боја.

Предната страна на годишната дозвола за рекреативен риболов на одреден риболовнен ревир и рекреативна зона содржи текст Годишна дозвола за рекреативен риболов на

одреден риболовен ревир и рекреативна зона за__________година, име и презиме, адреса на живеење, место на живеење, број на легитимација, надоместок во денари и број на дозволата.

Задната страна на годишната дозвола за рекреативен риболов на одреден риболовен ревир и рекреативна зона содржи назив на концесионерот, текст Риболовен ревир и рекреативна зона за која важи дозволата, место за печат, потпис на овластено лице на концесионерот и текст Се издава и важи само со легитимација за рекреативен риболов на сопственикот на дозволата.

Формата и содржината на образецот на годишната дозвола за рекреативен риболов на одреден риболовнен ревир и рекреативна зона е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Петнаесетдневната, седумдневната и еднодневната дозвола за рекреативен риболов се издава на образец со димензии 13 x 10 сантиметри на перфориран парагон блок.

Листовите на парагон блокот на петнаесетдневната дозвола се со розева боја, на седумдневната дозвола со сина боја и на еднодневната дозвола со бела боја.

Делот од дозволата кој останува кај концесионерот на рибите содржи сериски број, назив на концесионер, риболовен ревир и/или рекреативна зона, име и презиме, број на легитимација, ден/период на важност на дозволата, дата и место на издавање, надоместок во денари и место за печат.

Делот од дозволата кој се дава на рекреативниот риболовец содржи Грб на Република Македонија, текст Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, сериски број, назив на концесионер, риболовен ревир и/или рекреативна зона, име и презиме, број на легитимација, ден/период на важност на дозволата, надоместок во денари, место за печат и текст се издава и важи само со легитимација за рекреативен риболов на сопственикот на дозволата.

Формата и содржината на образецот на петнаесетдневната, седумдневната и еднодневната дозвола за рекреативен риболов е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 5

Евиденцијата за уловена риба се води на образец со димензии 10 x 7 сантиметри на бела картонска 150 грамска хартија. Образецот за евиденција е составен од четири страници.

Првата страна на образецот содржи текст Евиденција за уловена риба во ________ година, име и презиме, број на легитимација и назив на риболовното здружение каде рекреативниот риболовец членува.

Втората и третата страна на образецот за евиденција за уловена риба содржат табела со податоци за датум на вршење на рекреативен риболов, риболовна вода, вид на риба, број на примероци по видови и вкупна тежина по видови.

Четвртата страна на образецот содржи табела идентична на втората и третата страна и текст Рекреативниот риболовец образецот со пополнетата евиденција го доставува до здружението каде членува најдоцна до 31 декември во годината за која се однесува евиденцијата и место за потпис на рекреативниот риболовец кој ја води евиденцијата.

Формата и содржината на образецот за водење евиденција е даден во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 6

Образецот за евиденција рекреативниот риболовец го носи при секое вршење рекреативен риболов.

Податоците за датумот за излегување и името на риболовната вода се пополнуваат пред почеток на рекреативниот риболов.

Податоците за бројот на уловени примероци по видови и вкупната тежина на уловената риба по видови се пополнува по завршување на рекреативниот риболов.

Доколку во еден ден рекреативниот риболовец врши рекреативен риболов на две или повеќе риболовни води податоците во образецот за евиденција ги води во посебни редови.

Податоците за уловената риба се водат за секој вид риба поединечно во посебен ред.

За уловена количина риба помала од 0,1 кгр и за примероците риби кои по уловот се вратени живи и неповредени во риболовната вода не се води евиденција.

Рекреативниот риболовец пополнетиот образец за евиденција го доставува до риболовното здружение каде членува најдоцна до 31 декември во годината за која се однесува евиденцијата. Доколку образецот за евиденција се пополни пред 31 декември во тековната година, рекреативниот риболовец го доставува до риболовното здружение и задолжува нов образец каде продолжува да ја води евиденцијата.

## Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2011 година.

Бр. 08 - 11096/1
7 декември 2010 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
**Љупчо Димовски** , с.р.

Прилог 1

Образец на годишна дозвола за рекреативен риболов – државна дозвола

Предна страна




Задна страна










Прилог 4

Образец за водење евиденција

Прва страна




Втора страна



Трета страна



Четврта страна

